The Institute of **Internal Auditors**
North Macedonia

# ЗАПИСНИК ОД СОБРАНИЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО НА ВНАТРЕШНИ РЕВИЗОРИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

| | |
|---|---|
| **Наслов:** | Собрание на Здружението на внатрешни ревизори на Република Северна Македонија |
| **Датум и време:** | 17.12.2025 година, 14:30 ч. |
| **Претседавач со собранието:** | Билјана Секуловска |
| **Достава и пристап до записникот:** | До сите членови на Здружението на внатрешни ревизори на Македонија објавено на веб сајтот |
| **Доставени материјали:** | Материјалите беа доставени на веб сајтот на ЗВРРСМ www.aiam.org.mk |
| **Присутни членови:** | 14 членови |
| **Записничар** | Мирела Омери |

На ден 17.12.2025 година во 14:30ч се одржа Собрание на Здружението на внатрешните ревизори на Република Северна Македонија во просториите на Економскиот факултет во Скопје.

Бидејќи кворумот за работа на Собранието се обезбедува со присуство на 50% плус еден член од вкупниот број на членови, а на ова Собрание бројот на членови беше под 50%, седницата се одложи половина час, онака како што е пропишано во Статутот и потоа започна на истото место и со истиот Дневен ред.

Седницата ја отвори и ја водеше Претседателот на ЗВРРСМ Билјана Секуловска, Записничар беше Мирела Омери.

На седницата присуствуваа 14 членови на ЗВРРСМ кои едногласно го прифатија предложениот Дневен ред.

Следните точки, во рамките на Дневниот ред беа предмет на дискусија на Годишното Собрание на ЗВРРСМ:

1. **Усвојување на Записникот од претходното Собрание**
2. **Избор на Член на Управен Одбор**
3. **Предлог-одлука за измена на висината на годишната членарина во ЗВРСМ**
4. **Финансиски план за 2026 година**

5. **Стратегија / Тригодишен план на активности на ЗВРСМ за период 2026–2028**

Дискусии по точките на дневниот ред:

**1.Усвојување на записникот од претходната седница на Собранието**
Записникот од претходната седница на Собранието беше ставен за усвојување.
Записникот беше едногласно усвоен од сите присутни членови на Собранието.

**2. Избор на Член на Управен Одбор**
Поради истекот на мандатот на еден од вкупно осумте членови на Управниот одбор, беше истакната потребата за избор (реизбор) на нов член на Управниот одбор. Согласно Статутот, Здружението може да има најмногу девет (9) членови во Управниот одбор, при што во овој момент беше отворено едно (1) место за избор.
За таа цел, беше објавен оглас за пријавување на заинтересирани кандидати за член на Управниот одбор. За спроведување на постапката за избор беше формирана Номинациона комисија во состав: Билјана Секуловска, Весна Пауновска Петроска и Валон Омери. На огласот се пријави еден кандидат. Номинационата комисија констатираше дека кандидатот ги исполнува условите предвидени за член на Управниот одбор, по што беше отворена постапката за гласање.
Имајќи предвид дека беше пријавен само еден кандидат, гласањето не се спроведе со анонимни гласачки ливчиња. Претседателот предложи кандидатот Билјана Чочовска да се обрати пред присутните и накратко да се претстави.
По нејзиното обраќање, присутните членови едногласно ја изгласаа Билјана Чочовска за член на Управниот одбор на Здружението.
Членот на УО е со мандат од 4 години започнувајќи од 21.01.2026 до 21.01.2030 година.

**3.Предлог-одлука за измена на висината на годишната членарина во ЗВРСМ**

Билјана Секуловска информираше дека тековната членарина изнесува 3.500 денари, при што е предвиден попуст за групно членство – за пет (5) и повеќе членови од иста институција, членарината изнесува 3.400 денари по член.
Во рамки на дискусијата, членовите на Управниот одбор посочија дека во изминатиот период е забележано зголемување на трошоците, вклучително и членарините кон меѓународните организации IIA Global и ECIIA, што влијае врз вкупните финансиски обврски на Здружението.
Имајќи го предвид наведеното, беше предложено зголемување на членарината на 4.500 денари, како разумна и оправдана цена, која е во согласност со практиките на сродни здруженија.
Дополнително, беше појаснето дека приближно 30–40% од средствата од членарината остануваат на располагање на Здружението, додека преостанатиот дел се наменува за подмирување на обврските кон IIA Global и ECIIA.
За групно членство од пет (5) и повеќе членови од иста организација, беше предложена намалена членарина во износ од 4.300 денари по член.

The Institute of
Internal Auditors
North Macedonia

Предлогот беше ставен на гласање и беше едногласно усвоен од присутните членови.

**4. Финансиски план за 2026 година**

Билјана Секуловска го презентираше Предлог-буџетот за 2026 година, изготвен врз основа на историски податоци и очекувани активности на Здружението.
Во рамки на презентацијата беше истакнато дека вкупните планирани приходи за 2026 година изнесуваат 2.489.000 денари, и тоа од членарини, годишна конференција, обуки и заеднички настани.
Од друга страна, вкупните планирани трошоци изнесуваат 2.411.000 денари, кои опфаќаат оперативни трошоци (администрација, кирија, сметководствени услуги), организација на настани (конференции и обуки), трошоци за маркетинг и веб-сајт, патувања, како и обврски за членарини кон меѓународните организации и други тековни расходи.
Согласно проекциите, се предвидува позитивен финансиски резултат (вишок) во износ од 78.000 денари.
По разгледување на предложениот финансиски план, истиот беше ставен на гласање и едногласно усвоен од страна на присутните членови.

**5. Стратегија / Тригодишен план на активности на ЗВРСМ за период 2026–2028**

Претседателот на ЗВРРСМ Билјана Секуловска, детално го презентираше Планот на Активности по што едногласно беше усвоен.

Бидејќи беа исцрпени сите точки од Дневниот ред, Претседавачот ја затвори седницата.

Претседавач на Собранието:
Билјана Секуловска ____________________

Записничар на Собранието
Мирела Омери ____________________

17.12.2025 Скопје